

КАРПОШ
неделен
Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ
6 - 12 октомври 2026 Билтен бр. 655

ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТЕРЕН

Општина Карпош продолжува со редовните инспекциски контроли на терен, согласно утврдениот план за работа на инспекциските служби. Во текот на изминатата недела, контролите се реализираа во попладневните и вечерните часови, во повеќе групи и на критични точки на територијата на општината. Покрај изречените опомени до физички лица, комуналните редари изрекоа и седум прекршочни налози за неправилно одлагање на отпадот. Инспекциските контроли ќе продолжат и во наредниот период, со цел одржување на комуналниот ред и почиста и поуредна општина. Општина Карпош апелира до граѓаните совесно и соодветно да го одлагаат отпадот и да придонесат за почиста и поуредна животна средина.



ЕСЕНСКА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО КАРПОШ

Општина Карпош, преку овластен економски оператор, започна со реализација на годишната акција за есенска дератизација на територија на општината, која ќе трае до крајот на оваа календарска година.
Акцијата е дел од програмските активности на одделението за заштита и спасување и истата се спроведува редовно и конитуирано со цел контрола и уништување на штетните глодари, како и превенција од појава и ширење на заразни болести. Во рамки на есенската дератизација ќе бидат опфатени околу 5000 шахти на целата територија на Општина Карпош. Претходно, Општина Карпош спроведе акции за дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите општински основни училишта и детски градинки на своја територија. Преку спроведувањето на редовните превентивни мерки, Општина Карпош обезбедува заштита на јавното здравје и создава побезбедна и поздрава животна средина.



ОПШТИНА КАРПОШ – ПРВА ВО МАКЕДОНИЈА ПО БРОЈ НА ПОДАТОЧНИ СЕТОВИ!

Според официјалниот портал на Министерството за дигитална трансформација на РСМ (data.gov.mk), Општина Карпош се наоѓа на првото место во Македонија, по број на податочни сетови. Имено, во рамките на владиниот портал за отворени податоци, во насока на поголема транспарентност, иновации и дигитална демократија, објавени се 68 податочни сетови кои се достапни и на веб страницата на Општина Карпош. Инаку, порталот за отворени податоци функционира како официјална платформа на Владата на РСМ, која овозможува слободен и бесплатен пристап до податоци, кои се генерирани од јавните институции во државава. Овој портал содржи над 700 податочни сетови од повеќе од 80 јавни институции, вклучувајќи министерства, агенции и други државни органи.

Истиот претставува клучен инструмент за унапредување на транспарентноста, отчетноста и учеството на граѓаните во креирањето на јавните политики. Отворените податоци се податоци кои се достапни во машински читливи формати и можат да се користат, реупотребуваат и дистрибуираат од страна на секој, без ограничувања. Тие се основа за развој на нови апликации, истражувања, анализи и услуги кои можат да придонесат за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Оттука, граѓаните можат да ја користат платформата за подобра информираност и можност за активно учество во донесувањето на одлуки.

Податочните сетови можат да им бидат корисни и на компаниите, за развој на иновативни производи и услуги базирани на јавни податоци, а истражувачите и новинарите имаат валиден извор за пристап до релевантни податоци за анализа и известување.



25 ГОДИНИ СОС ДЕТСКО СЕЛО МАКЕДОНИЈА

По повод одбележувањето на 25 години од постоењето на СОС Детско село Македонија, градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, присуствуваше на свеченият јубилеен настан. Настанот, под покровителство на претседателката на Република Северна Македонија, Гордана Сиљановска-Давкова, беше посветен на мисијата, резултатите и значењето на СОС Детско село во изминатите 25 години, претставени преку песна, игра и уметничка програма.

Во рамки на настанот, градоначалникот Лукровски ја прими и јубилејната плакета доделена на Општина Карпош, како признание за успешната соработка и значајниот придонес во остварувањето на мисијата на СОС Детско село Македонија.

Честитки за 25 години посветена и успешна работа, грижа и поддршка за децата! Ниту едно дете да не расте само.



ЛУКРОВСКИ ГИ ДОДЕЛИ СТИПЕНДИИТЕ ЗА ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ И СПОРТИСТИ ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

Градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, денеска на свечен настан ги додели стипендиите за талентирани ученици и талентирани спортисти за учебната 2026/2027 година. На свеченият настан присуствуваа и градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски, претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, советници, директорки на основните училишта, наставници, како и родители и други присутни гости.

За талентирани ученици се доделени вкупно 57 стипендии, и тоа: • 33 стипендии од прва категорија, со месечен износ од 3.500 денари; • 24 стипендии од втора категорија, со месечен износ од 3.000 денари.

За талентирани спортисти се доделени вкупно 22 стипендии: • 20 стипендии од прва категорија, со месечен износ од 3.500 денари; • 2 стипендии од втора категорија, со месечен износ од 3.000 денари.

Стипендиите ќе се исплаќаат во период од осум месеци, во текот на учебната 2026/2027 година. Обраќајќи им се на добитниците, градоначалникот Сотир Лукровски им честиташе за постигнатите резултати и истакна дека поддршката



ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА КАРПОШ И ГРАД СКОПЈЕ

Во Општина Карпош се одржа конструктивен состанок помеѓу градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски.

На состанокот присуствуваа и повеќе претставници од двете администрации, меѓу кои раководители на сектори со поврзани надлежности и ингеренции, со цел да се унапреди меѓусебната координација и соработка.
На средбата беа отворени повеќе прашања од заеднички интерес, со посебен акцент на конкретни инфраструктурни, сообраќајни и комунални проекти, како и на прашања поврзани со надлежностите и одговорностите на двете институции.
Во рамки на разговорите беа разгледани можностите за реализација на повеќе заеднички проекти за кои обврска имаат и Град Скопје и Општина Карпош, меѓу кои:
- **разгледување на можноста за воспоставување претоварна станица за комунален отпад, со цел унапредување на системот за собирање и транспорт на отпадот**
- **реконструкција на пристапниот пат до Бардовци и изградба на нов резервоар за вода;**
- **разгледување на можноста за отворање нова сообраќајна врска од Визбегово;**
- **реконструкција на улицата „Скупи“;**

Состанокот претставува важен чекор кон воспоставување брза, директна и ефикасна меѓуинституционална комуникација меѓу Општина Карпош и Град Скопје, со цел конкретно и навремено решавање на прашањата од значење за граѓаните.



ОБНОВУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНАТА СИГНАЛИЗАЦИЈА ПРЕД УЧИЛИШТАТА И ГРАДИНКИТЕ ВО КАРПОШ

Општина Карпош започна со обновување на хоризонталната сообраќајна сигнализација пред училиштата и градинките со цел да ја подобри безбедноста во сообрачајот.

Активоста која се реализира во рамки на годишната програма на Секторот за комунални работи, опфаќа пребојадисувањето на пешачките премини и уличните училишни ознаки, пред десетте основни училишта во Карпош.

Во рамки на акцијата ќе бидат ќе бидат обновени и пешачките премини пред десетте објекти на четирите детски градинки во Карпош.

Со обновување на сигнализацијата се обезбедува поголема видливост на пешачките премини и се зголемува безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

Апелираме за внимателно и одговорно однесување во сообраќајот и почитување на сообраќајните правила и прописи.



СРЕДБА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ, СОТИР ЛУКРОВСКИ, СО Н.Е. ЗОРАН МИЉАНИЌ, АМБАСАДОР НА ЦРНА ГОРА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На првата официјална и протоколарна средба се разговараше за одличните и пријателски македонско-црногорски односи, можностите за нивно дополнително продлабочување, како и за проекти од заеднички и регионален интерес.
Во духот на блискоста и традиционалното пријателство меѓу двата народи, беше истакната важноста од меѓусебна поддршка, размена на искуства и унапредување на соработката на локално ниво, преку воспоставување и развивање на партнерства меѓу општините.

Посебен акцент беше ставен на реализација на заеднички културни активности и настани, како и на унапредување на соработката во областа на спортот.
Заеднички беше констатирано дека локалната соработка претставува важен мост за дополнително зближување на граѓаните, за размена на позитивни искуства и за создавање нови можности за заеднички проекти од интерес за двете страни.
Средбата ја потврди заедничката определба за понатамошно продлабочување на пријателските врски, взаемната поддршка и соработката меѓу двете земји, но и меѓу локалните заедници.



ОТСТРАНУВАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА ВО КАРПОШ 3

Општина Карпош продолжува со редовната акција за подигнување и отстранување на отпадни и хаварисани возила од јавните површини на територијата на општината. Акцијата, која ја спроведува Секторот Инспекторат, во соработка со колективниот постапувач „ГРЕЕН РОАД“ ДООЕЛ – Скопје, започна во реонот на УЗ Карпош 3.

Во рамки на акцијата беа подигнати стари отпадни возила со регистарски таблички, за кои претходно биле спроведени соодветни инспекциски постапки.

Со отстранувањето на хаварисаните возила се ослободуваат јавни површини и паркинг-простори, а воедно се придонесува кон подобрување на комуналниот ред и квалитетот на животната средина. Акцијата ќе продолжи во наредниот период, сè до отстранување на отпадните возила за кои се исполнети условите за подигнување.

Општина Карпош апелира до граѓаните на совесно и одговорно однесување и заеднички придонес кон почист, поуреден и побезбеден Карпош.



ДВАЕСЕТ НОВОЗАСАДЕНИ УКРАСНО-ДЕКОРАТИВНИ ДРВЈА ВО „ПАРКОТ НА БОРЦИТЕ“

Општина Карпош и оваа година продолжува да ги поддржува талентираните ученици од основните училишта на својата територија, преку доделување осуммесечни стипендии за учениците од VIII и IX одделение.
Во учебната 2026/2027 година, Општината ќе додели вкупно 57 стипендии, од кои: 33 стипендии од прва категорија, во месечен износ од 3.500 денари; * 24 стипендии од втора категорија, во месечен износ од 3.000 денари.

Списокот на добитници на стипендии можете да го погледнете на следниот линк: https://shorturl.at/toH6R

Со оваа мерка, Општина Карпош ги поттикнува и наградува младите таленти, мотивирајќи ги да продолжат да постигнуваат одлични резултати во образованието, како и во воннаставните и слободните активности.



ЗАВРШИЈА ОБУКИТЕ ЗА ПРВА ПОМОШ ЗА ВОСПИТУВАЧКИ И НЕГУВАТЕЛКИ ВО КАРПОШ

Општина Карпош, во соработка со Црвениот крст на град Скопје, реализираше едукативни и практични обуки за прва помош, наменети за 100 воспитувачки и негувателки од детските установи на територијата на општината. Во текот на неколкудневната обука, стручни тимови на Црвениот крст, составени од координатор и доктор, преку теоретски предавања и практични вежби им овозможија на учесничките да ги надградат своите знаења и практични вештини за навремено и соодветно постапување во ситуации кога е потребна прва помош.

Имајќи ја предвид нивната секојдневна одговорност и грижата за најмладите, стекнатите знаења и вештини се од особено значење за создавање побезбедна средина во детските установи.

На последниот ден од обуката, градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, им се заблагодари на воспитувачките и негувателките за нивната посветеност и одговорност, како и на стручните тимови на Црвениот крст за професионалниот пристап и споделеното знаење. Општина Карпош продолжува да вложува во знаењето и подготвеноста на воспитно-згрижувачкиот кадар, со цел да се создадат побезбедни и посигурни услови за најмладите.



ТРАДИЦИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ ИГРИ ВО КАРПОШ

Во спортската сала „Партизан“ се одржаа традиционалните пензионерски спортски игри, организирани по повод 50-годишниот јубилеј на Општина Карпош. На спортскиот настан присуствуваа градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски, и претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, кои им посакаа успех на учесниците и го поздравија нивниот ентузијазам, спортски дух и желба за дружење.

„Гледајќи го овој спортски терен исполнет со позитивна енергија, насмевки и младешки дух, не можам, а да не кажам – вие сте вистинска инспирација за сите помлади генерации во нашата општина. Денес не е важна возраста, туку желбата за дружење, движење и зачувување на натпреварувачкиот дух. Сигурен сум дека ќе видиме одлични резултати, фер-плеј и многу спортска среќа во сите машки и женски дисциплини. Најдобрите тројца во секоја категорија ќе си заминат дома со заслужени пехари. Но, сакам да нагласам една работа – за мене како градоначалник, а верувам и за целата публика која е тука да ве бодри, сите вие денес сте победници“, истакна градоначалникот Лукровски.

На игрите учествуваа членови на двете пензионерски друштва – „Карпош“ и „Тафталиџе“, кои се натпреваруваа во повеќе дисциплини: шут на гол за мажи и жени, фрлање ѓуле за мажи и жени, трчање на 60 метри за жени и 80 метри за мажи, како и скок во далечина.

По завршувањето на натпреварите, на учесниците им беа доделени статуетки, по што следуваше пригоден свечен коктел.



СТАРТУВАШЕ УЧИЛИШНАТА КОШАРКАРСКА ЛИГА ВО КАРПОШ

Училишната кошаркарска лига во Карпош е во полн ек!
Во следниот период учениците од карпошовите основни училишта ќе ги одмерат силите на кошаркарскиот терен, во натпревари исполнети со борбеност, тимска игра и спортски дух.

ВТОРО КОЛО – РЕЗУЛТАТИ
- **ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ – ООУ „Петар Поп Арсов“ 28:38**
- **ООУ „Владо Тасевски“ – ООУ „Лазо Трповски“ 26:19**
- **ИПС – ООУ „Војдан Чернодрински“ 46:24**
- **ООУ „Димо Хаџи Димов“ – ООУ „Јан Амос Коменски“ 23:47**

Резултатите и текот на лигата може да ги следите на нашата веб страна



ПОВЕЌЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ЗА ПОКВАЛИТЕТНО УРБАНО ЖИВЕЕЊЕ ВО КАРПОШ

Во ООУ „Лазо Трповски“, во рамки на Европската климатска иницијатива (EUKI), се реализираше локалната акција „Green Spaces, Safe Places – Зелени површини, безбедни места“, чија цел е подигнување на свеста за значењето на урбаното зеленило и квалитетните јавни простори.

Во рамки на акцијата беше реализирана едукативна и практична активност со ученици од второ и трето одделение. „Центарот за климатски промени“ обезбеди саксии, растенија и потребните материјали, а учениците ги боеја и украсуваа саксиите, по што заеднички ги засадија растенијата.

Преку ваквите активности, учениците на креативен и практичен начин се запознаваат со значењето на зеленилото, грижата за животната средина и одговорниот однос кон просторот во кој учат и живеат.

Како дополнителен придонес кон унапредувањето на урбаното зеленило, „Центарот за климатски промени“ донираше три садници на Општина Карпош, наменети за засадување на соодветна јавна површина.

Заедно создаваме позелена, поздрава и поквалитетна средина за живеење.



УШТЕ ЕДНА ГОРДОСТ ЗА КАРПОШ – ТРИ ЗЛАТНИ МЕДАЛИ ЗА КАТЈА БИЛБИЛОВСКА

Општина Карпош со особено задоволство ги проследува и слави успесите на младите карпошани, кои со својот талент, труд и посветеност постигнуваат одлични резултати.
Катја Билбиловска, ученичка во V-б одделение во ООУ „Димо Хаџи Димов“, освои три златни медали на меѓународен натпревар во пливање во Србија.

Катја беше најуспешна во дисциплините 50, 100 и 200 метри слободен стил, освојувајќи ги првите места во својата категорија.

Дополнително, во својата категорија, Катја го освои и првото место во Македонија на 50 метри слободен стил.



НОВИ УСПЕСИ ЗА МЛАДИТЕ ЏУДИСТИ ОД КАРПОШ

Општина Карпош со гордост ги следи успесите на младите карпошани кои со својот труд, посветеност и спортски талент постигнуваат одлични резултати на меѓународни натпревари.

Ерик Антон, ученик во IV-а одделение во ООУ „Лазо Трповски“, освои прво место во својата категорија на меѓународниот џудо турнир „Sakura Cup – Katerini 2026“ во Катерини, Грција.
На истиот турнир, одличен настап имаа и Лука Настовски и Стефан Вељаноски, ученици во III-а одделение во ООУ „Вера Циривири – Трена“, кои го освоија третото место и бронзен медал во возрасната категорија U8.

Ерик, Лука и Стефан се членови на Џудо клубот „Супердџудо“, а на турнирот покажаа голема борбеност, дисциплина, посветеност и желба за победа.

Нивните резултати се потврда за вложениот труд и континуираната работа, но и убав пример дека со посветеност и истрајност младите можат да постигнуваат значајни спортски успеси.

Честитки до Ерик, Лука и Стефан! Општина Карпош им посакува уште многу успеси, медали и спортски достигнувања во иднина!



ПО ПОВОД 11 ОКТОМВРИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА КАРПОШ, СОТИР ЛУКРОВСКИ, ПОЛОЖИ ЦВЕЌЕ ПРЕД СПОМЕНИКОТ НА КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ – ПИТУ.

По повод Денот на народното востание – 11 Октомври, делегација од Општина Карпош, предводена од градоначалникот Сотир Лукровски, положи свежо цвеќе пред спомен-обележјето на народниот херој Кузман Јосифовски – Питу.

На настанот присуствуваа претседателот на Советот на Општина Карпош, Христо Саракинов, советници и бројни граѓани кои дојдоа да оддадат чест и да се поклонат пред споменот на народниот херој и борците за слобода.

Со овој чин беше оддадена почит кон неговото дело и кон сите борци кои ги положија своите животи за слободата на македонскиот народ и создавањето на современата македонска држава.

